# АНАЛИЗА

## УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

ЗДРУЖЕНИ ЗА
АКТИВНО ГРАЃАНСТВО

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **1. ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА** | **01** |
| **2. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИ РАЗГОВОРИ СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ** | **02** |
| 2.1 Наоди | **02** |
| **2.2 За**клучок | **03** |
| **3. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИ РАЗГОВОРИ СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНСКИ СЛУЖБЕНИЦИ И СОВЕТНИЦИ** | **04** |
| 3.1 Наоди | **04** |
| 3.2 Заклучок | **05** |
| **4. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ВКЛУЧЕНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА** | **06** |

# I. ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

Вклученоста на граѓанските организации (ГО) во креирањето на локалните политики претставува суштински елемент за обезбедување транспарентност, инклузивност и ефективност во одлучувачките процеси на општинско ниво. ГО придонесуваат со својата експертиза, теренско искуство и способност да ги мобилизираат и застапуваат интересите на различни целни групи, што овозможува подобро идентификување на приоритетите и поусогласени решенија за локалните предизвици. Учеството на граѓанскиот сектор во процесите на планирање и одлучување помагаат во создавањето политики базирани на реалните потреби, го поттикнуваат граѓанското учество и ја зајакнуваат довербата во институциите.

Правната рамка за вклучување на ГО во процесите на донесување одлуки во Република Северна Македонија е дефинирана со Законот за локална самоуправа[1], кој ги уредува надлежностите на општините и механизмите за непосредно учество на граѓаните, како и со Законот за здруженија и фондации[2] кој го регулира статусот и функционирањето на граѓанските организации. Дополнителни насоки се обезбедени преку националните стратегии и акциски планови за соработка со граѓанското општество.

Во општина Струмица постоеше Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор (2015–2020)[1] и функционален Центар за поддршка на НВО, кои претставуваа основа за институционализиран дијалог меѓу локалната власт и ГО. Меѓутоа, во моментот недостасуваат стратешки документи или други акти за формална и суштинска вклученост на организациите во локалните процеси за развој на политики и донесување одлуки, што ја потенцира потребата за воспоставување механизми и прописи за создавање услови за систематската и долгорочна соработка.

Организацијата на жени од Струмица во текот на август 2025 година спроведе разговори во фокус групи со претставници на седум граѓански организации кои делуваат во областа на социјалната заштита, културата, заштитата на животната средина, женските права и други сектори, како и со тројца вработени во општината и со членови на Советот на општина Струмица. Целта беше да се добијат информации за нивното искуство, перцепција и реалната вклученост на граѓанските организации во процесите на креирање на општинските политики, како и да се идентификуваат можностите за унапредување на процесот на соработка и консултации помеѓу општината и граѓанскиот сектор.

Оваа активност се реализираше во рамки на акцијата „ГО и локалните политики – Предизвици и можности“, спроведена од Организацијата на жени од Струмица, во рамките на проектот „Здружени за активно граѓанство“ на Фондацијата НВО Инфоцентар Скопје, со финансиска поддршка од Европската Унија.

[1] Службен весник на Република Македонија бр.5; линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/365B8AC822EBB445825B68E555A9C523.pdf
[2] Службен весник на Република Македонија бр.52; линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/623772ADC92FEE42A1DB496E1E190648.pdf
[1] Стратегија на општина Струмица за соработка со граѓанскиот сектор 2015 – 2020; линк: https://strumica.gov.mk/downloads/ler/2017/Strategija%20NVO%20Strumica.pdf

# 2. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИ РАЗГОВОРИ СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Граѓанските организации сметаат дека нивната вклученост во планирањето и креирањето на локалните политики на општина Струмица (програми, стратешки документи и сл.) е на исклучително ниско ниво. Немањето дијалог и соработка придонесуваат и за развој на политики кои не ги одразуваат суштинските потреби и интереси на ГО и граѓаните.

## 2.1 НАОДИ

- Вклученоста на граѓанските организации во планирањето и креирањето на локалните политики на општина Струмица во последните три години е ограничена. Се забележува селективен пристап, а тоа резултира со се поретко вклучување на организации чиишто ставови се разликуваат од позициите на општинските власти.

- Единствениот формален механизам за учество се буџетските форуми во заедницата кои ги организира општината. Според учесниците на фокус групата, овој механизам не овозможува суштинска дискусија, а приоритетите за гласање се однапред договорени. Ваквата состојба доведува до намалување на интересот кај ГО за учество во овој процес.

- Општината во последните две - три години не организирала јавни расправи, освен за генералниот урбанистички план и една за квалитетот на амбиенталниот воздух. Нема иницијативи за вклучување на граѓанските организации во работни групи за прашања од јавен интерес. Учесниците сметаат дека отсуството на овие механизми ја намалува соработката и вклученоста на граѓанскиот сектор во споредба со минатото, кога ГО беа активно вклучени во изработка на речиси сите стратешки документи.

- Општината не организира и не спроведува посебни консултации со граѓанските организации. Тоа ја ограничува можноста за директна соработка при развојот и донесувањето на локалните политики.

- ГО истакнуваат дека немаат суштинско влијание врз развојот на локалните политики, пред се поради отсуство на политичка волја.

- Учесниците на фокус групата оценуваат дека општинските развојни документи (стратегии, планови, буџети) недоволно ги одразуваат потребите на нивните целни групи, бидејќи самите ГО и нивните целни групи не се консултирани во процесот на изработка.

- За поактивно вклучување во креирањето на локалните политики на граѓанските организации им е потребна логистичка поддршка од општината, пред се заеднички простор каде што ќе можат да разменуваат искуства, да планираат заеднички иницијативи и акции. Општината треба да делегира и дел од надлежностите и да ја користи нивната експертиза. Најважна е потребата од воспоставување двонасочна комуникација, која во моментот не постои.

- Организациите како најголем предизвик го посочуваат недостатокот на волја од страна на градоначалникот, што претставува персонална пречка за нивното вклучување во креирањето на општинските политики и програми. Дополнително, тие се соочуваат и со други предизвици - партиска поларизација и влијание на верски структури, што пак влијае на нивната мотивација и го намалува интересот за активно учество во процесите.

- Вклученоста на граѓанските организации во развојот на локалните политики може да се подобри преку формирање координативно тело за соработка и комуникација и изработка на нова стратегија за соработка со граѓанскиот сектор. Потребно е да се организира работен состанок на кој ќе се дискутира за потребите и предизвиците на двете страни, како и инфо-ден и саем на ГО.

## 2.2 ЗАКЛУЧОК

Анализата на одговорите од граѓанските организации укажува на ограничена вклученост во процесите на креирање локални политики во општина Струмица. Единствениот формален механизам за учество се Форумите во заедницата, кои најчесто не овозможуваат суштинска дебата, додека други форми на консултации, како јавни расправи и работни групи, речиси и да не постојат. Главните пречки за поголема вклученост се поврзани со недостатокот на политичка волја, партиската поларизација и влијанието на верските структури. Дополнително, постои потреба од логистичка поддршка и воспоставување ефективна двонасочна комуникација помеѓу ГО и општинските власти.

Овие наоди укажуваат на потреба од системски пристап и поголема посветеност од страна на локалните власти за подобрување на партнерството со граѓанскиот сектор.



# 3. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИ РАЗГОВОРИ СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНСКИ СЛУЖБЕНИЦИ И СОВЕТНИЦИ

Општина Струмица, како една од најтранспарентните во државата, постојано ги зема предвид идеите на ГО и потребите на нивните целни групи, сметаат од општината. Од друга страна, членови на Советот мислат дека вклученоста на граѓанските организации во планирањето и креирањето на локалните политики е на ниско ниво.

И двете страни се согласуваат дека степенот на учество на граѓанскиот сектор е условен и од сензитивноста и отвореноста на градоначалникот.

## 3.1 НАОДИ

- Според вработените во општинската администрација, ГО секоја година имаат можност да ги изнесат своите предлози и потреби преку учество на Буџетскиот форум и јавните собири, со цел тие да бидат вградени во општинските програми. Советниците, пак, сметаат дека учеството на организациите преку овие механизми постепено се намалува од година во година, што резултира со локални политики кои не се доволно инклузивни.

- Според претставници на општинската администрација, ГО се редовно консултирани при подготовка на стратегии, акциски планови и други документи. Тие се дел и од работни тела кои имаат значајна улога во планирањето и реализацијата на локалните програми (Совет за женско претприемништво, Локален економско-социјален совет итн.). Од друга страна, Советниците сметаат дека механизмите не се доволно функционални за да овозможат целосна и ефективна соработка.

- Општинските службеници нагласуваат дека високото ниво на транспарентност и вклученост на ГО овозможува развој на документи во кои се инкорпорирани потребите на различните заедници и целни групи. За разлика од нив, советниците сметаат дека овие документи не ја отсликуваат реалната состојба и потреби на сите целни групи, бидејќи ГО и членовите на Советот не се доволно консултирани и вклучени во процесот на нивна подготовка.

- Соработката со граѓанските организации според општината, е на високо ниво и смета дека нивната интеракција е од голема важност за развојот на заедницата. Членовите на Советот укажуваат на постоење недоверба меѓу засегнатите страни, недостаток на интерес од страна на општината и дел од советниците за инклузивни процеси, како и недоволно знаење и капацитети кај дел од советниците за механизмите за комуникација и соработка со граѓанскиот сектор.

Степенот на вклученост на ГО во консултации и развој на локални политики зависи од ставот на градоначалникот. Неговата сензитивност и поддршка се клучни за успешно планирање и спроведување на локални политики со вклучување на сите засегнати страни.

Вклученоста на граѓанските организации во развојот на локалните политики може да се подобри преку спроведување редовни месечни состаноци помеѓу претставници на ГО и надлежни службеници, како и преку формирање тело за меѓусебна комуникација и соработка со учество на сите засегнати страни - општината, Советот и граѓанските организации. Ваквите мерки би овозможиле континуирана размена на информации, координирано планирање и зајакнување на дијалогот.

## 3.2 ЗАКЛУЧОК

Граѓанските организации имаат одредени можности да учествуваат во развојот на локалните политики, но нивната улога е условена од волјата на градоначалникот и од ефективноста на постојните механизми за консултации. Вклученоста на ГО помага да се земат во предвид потребите и интересите на различните заедници и за поквалитетно обезбедување на локалните услуги. Постојат предизвици кои треба да се надминат, како што се недоволна инклузивност на политиките, недоверба меѓу засегнатите страни и недостаток на знаење и капацитети кај дел од членовите на Советот, кои го ограничуваат целосното учество на граѓанскиот сектор.

Овие наоди покажуваат дека за подобрување на дијалогот и партнерството со ГО потребен е системски пристап, јасни и функционални механизми за консултации, како и континуирана и транспарентна комуникација меѓу сите засегнати страни.



# 4. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ВКЛУЧЕНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

За подобрување на дијалогот и партнерството со ГО, како и за зголемување на инклузивноста и ефективноста на локалните политики, се препорачуваат следните мерки:

- **Редовни месечни состаноци** помеѓу претставници на ГО и надлежни службеници за континуирана размена на информации и координација на активности.

- **Формирање тело за комуникација и соработка** со учество на претставници од општината, Советот и граѓанските организации, со цел координирано планирање и зајакнување на партнерството.

- **Воспоставување механизми за двонасочна комуникација** за идентификување на потребите и предизвиците на граѓанските организации и нивните целни групи. Воедно, к**онтинуираната и транспарентна комуникација** меѓу сите засегнати страни би овозможила услови за зајакнување на доверба и отворен дијалог во процесите на донесување одлуки.

- **Активно користење на експертизата и знаењето на ГО** при изработка на стратегии, акциски планови и други локални документи, со цел подобро усогласување на политиките со реалните потреби на заедницата.

- **Јасни и функционални механизми** за консултации, како јавни расправи, работни групи и заеднички планирања, кои ќе придонесат за зголемување на инклузивноста на локалните политики.

- **Логистичка поддршка за ГО**, вклучително обезбедување на простори за заеднички состаноци, размена на искуства и подготовка на заеднички иницијативи.

- **Обезбедување на дополнителни знаења и капацитети** за членовите на Советот и општинските службеници за механизмите за ефективна соработка со граѓанскиот сектор.



Оваа анализа е подготвена со помош на Европската Унија, во рамки на проектот „Здружени за активно граѓанство“.
Содржината на анализата е единствена одговорност на Организација на жени од Струмица и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ
НВО ИНФОЦЕНТАР